РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МОГИЛА
БР: 10-35/5
27.07 2026 год.
МОГИЛА

**ОПШТИНА МОГИЛА**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**БР:10-35/5**

Градоначалникот на Општина Могила решавајќи по барањето на инвеститорот АД Македонски Телеком Скопје поднесено преку својот полномошник, ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола , во системот е-урбанизам во постапка бр. 77501 –ПП (2020), и по доставениот предлог од комисијата за урбанизам за прифаќање и одобрување на ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН со намена Е1.9 – Телекомуникациски водови - оптичка кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на базна станица Беранци на КП 2473/1, КП 2495 и др. КО Беранци, Општина Могила, со тех.бр. 11-02/2026, од мај 2026 година, врз основа на член 44 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 , 127/25 , 134/26), го издава следното :

## РЕШЕНИЕ

**Се одобрува ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** со намена Е1.9 – Телекомуникациски водови - оптичка кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на базна станица Беранци на КП 2473/1, КП 2495 и др. КО Беранци, Општина Могила, со Тех.бр. 11-02/2026 , од мај 2026 година, изработена од ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола, правно лице кое поседува лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0082 со важност на неопределено време, и планер Виолета Југовска дипл.инг.арх. со овластување бр.0.0502 со неограничена важност.

**Образложение:**

Барателот АД Македонски Телеком Скопје преку полномошник ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола, поднесе барање за одобрување на **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** со намена Е1.9 – Телекомуникациски водови - оптичка кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на базна станица Беранци на КП 2473/1, КП 2495 и др. КО Беранци, Општина Могила, со Тех.бр. 11-02/2026 , од мај 2026 година, изработена од ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола, (pdf i dwg), во информацискиот систем е-урбанизам-постапка 77501 –ПП (2020).

Барателот со барањето ја приложи следната документација:

- **Барање** за одобрување на Проектна програма од 22.01.2026 година
- **Изјава** од инвеститорот АД Македонски Телеком Скопје за финанирање на изработката на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН со намена Е1.9 – Телекомуникациски водови - оптичка кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на базна станица Беранци на КП 2473/1, КП 2495 и др. КО Беранци, Општина Могила, нотарски заверена со бр.УЗП 18458/2025 од 10.11.2025год.
- **Полномошно** со бр. 12-143504/1 од 16.07.2025 год., со кое инвеститорот АД Македонски Телеком Скопје го ополномоштува ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола, да изврши процесирање на документација за одобрување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, заверено на нотар со бр. УЗП 9434/2015 од 21.07.2015г.



https://mogila.gov.mk/
Република Северна Македонија
Димче Могилчето бр.106
Могила 7216
e-mail: mogilaop@t.mk
+389 47 296 466

- **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** со намена Е1.9 – Телекомуникациски водови - оптичка кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на базна станица Беранци на КП 2473/1, КП 2495 и др. КО Беранци, Општина Могила, со Тех.бр. 11-02/2026 , од мај 2026 година, изработена од ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола, правно лице кое поседува лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0082 со важност на неопределено време ,и планер Виолета Југовска дипл.инг.арх. со овластување бр.0.0502 со неограничена важност.

  Во склоп на Предлог проектната програма доставени се:
  - Имотни листови (ИЛ бр. 1126 КО Беранци, ИЛ бр. 148 КО Беранци, ИЛ 1013 КО Беранци, ИЛ 143 КО Беранци)
  - Изводи од катастарски план за предметните катастарски парцели
  - Услови за планирање бр. Y01326 од март 2026, издадени од Агенција за планирање на просторот
  - Решение за услови за планирање бр. 15-1381/2 од 23.04.2026 година, издадено од МЖСПП-сектор за просторно планирање
- ***АЖУРИРАНА ПОДЛОГА*** со вцртана траса
- **ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ИНВЕСТИТОРОТ** од 06.10.2025 година

Комисијата за урбанизам на општина Могила, формирана од Градоначалникот со решение бр. 09-158/1 од 16.02.2022 година и 09-158/2 од 24.08.2022 година, по проучување на приложената документација, достави записник и предлог до градоначалник за одобрување со бр.10-35/4 од 23.06.2026 год.

Во текот на постапката предлог проектната програма беше доставена на увид до партиципативното тело , за што е изготвен записник со бр. 12-251/2 од 22.05.2026 год. во кој не се доставени забелешки на истата.

**Градоначалникот на Општина Могила** по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот на комисијата за урбанизам, констатира дека барањето е основано, при што се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање ((„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 , 127/25 , 134/26), и согласно член 44 став (7) **донесе решение** како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:
Против ова решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работата од областа на уредувањето на просторот. Жалба се таксира со 250.00 денари административна такса.

Изработил:
Клара Тодоровска д.и.а

Општина Могила
Градоначалник

**Драганчо Саботковски**

Draganсho Sabotkovski
Digitally signed by Draganсho Sabotkovski
Date: 2026.07.27 12:51:13 +02'00'



https://mogila.gov.mk/
Република Северна Македонија
Димче Могилчето бр.106
Могила 7216
e-mail: mogilaop@t.mk
+389 47 296 466